**ТП JJ АУДИТ КОНСАЛТИНГ Куманово**
ул.Илинденска-бр.30, 1300 Куманово
т-+389(0)31 618 628   077 907 676
Е ДБ МК   5017016505313
jelena.dzimrevska@yahoo.com

**АУДИТ-КОНСАЛТИНГ Куманово**

## Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ-БХМ Скопје

# РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНА ШТО ЗАВРШУВА НА 31.12.2020 ГОДИНА

**Мај , 2021 година**

**АУДИТ-КОНСАЛТИНГ Куманово**

СОДРЖИНА Страна


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Биланс на приходи и расходи 3
- Биланс на состојба 4
- Извештај за промени во изворите на деловните средства 5
- Белешки кон финансиските извештаи 6

**АУДИТ-КОНСАЛТИНГ Куманово**

До:
Раководството на
Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје

**Извештај на независните ревизори**
Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје (во понатамошниот текст Здружението), составени од Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година и Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промените во изворите на деловните средства за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***
Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола, која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Северна Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од постоење на материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, било поради измама или грешка.
При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислање за ефективноста на внатрешна контрола на Здружението.

Ревизија, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да изразиме ревизорско мислење.

1 Меѓународни стандарди за ревизија („МСР“) издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ“), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

**АУДИТ-КОНСАЛТИНГ Куманово**

До:

Раководството на
Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје

**Извештај на независните ревизори (*продолжува*)**

***Мислење***

Наше мислење е дека, финансиските извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението на ден 31 декември 2020година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

***Извештај за усогласеност на потпишаните договори за донација***

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА СИТЕ- БХМ Скопје има склучено договори со повеќе донатори.
Според склучените договори за финансирање на проекти во кои се специфицирани обврските на корисникот на средствата.

***Мислење***

Според наше мислење Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје ги користи средствата во согласност со одредбите на потпишаните договори.

***Известај за други барања***

Институционалиот грант ЦМ - ИНС -05 финансиран од Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Северна Македонија , кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ).

Со Институционалиот грант-ЦМ - ИНС -05 се обезбесуваат неповратни средства за институционален развој и организациско јакнење на здружението, истиот е ревидиран со овој извештај за периодот 01.07 до 31.12.2020година, со изразеното мислење врз основа на ревизорските докази.
Документацијата за Институционалиот грант-ЦМ - ИНС -05 е содржана во финансиските извештаи кои ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението на ден 31 декември 2020година, како и резултатите од работењето за годината што тогаш заврши, во согласност со сметководствени стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

**АУДИТ-КОНСАЛТИНГ Куманово**

До:

Раководството на
Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје

***Извештај за усогласеност на потпишанит Институционалиот грант ЦМ - ИНС -05 финансиран од Цивика мобилитас***

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА СИТЕ- БХМ Скопје Според склучениоит договор за Институционалиот грант ЦМ - ИНС -05 финансиран од Цивика мобилитас финансирање на проектот во кои се специфицирани обврските на корисникот на средствата.

Мслење

Институционалиот грант ЦМ - ИНС -05 финансиран од Цивика мобилитас доделен на Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје, ги користи средствата во согласност со одредбите на потпишанит договор.

19,мај 2021година
ТП JJ АУДИТ КОНСАЛТИНГ

| | |
|---|---|
| Овластен ревизор | Управител |
| Јелена Џимревска | Јелена Џимревска |

**Здружение ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2020 во илјади денари**

| | Белешка | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Приходи од членарини и донации | 4 | 12.912 | 7.226 |
| Приходи од финансирање | 5 | 5 | |
| Останати приходи | 6 | | |
| Вишок на приходи од претходни години | | 2,289 | 3.966 |
| **Вкупно приходи** | | **15.206** | **11.192** |
| Материјални расходи и услуги | 7 | (1.195) | (720) |
| Останати оперативни трошоци | 8 | (7.288) | (6.756) |
| Капитални расходи | 9 | (1.032) | 0 |
| Трошоци за вработени | 10 | (1.428) | (1.428) |
| **Вкупно расходи** | | **(0.943)** | **(8.903** |
| **Вишок на приходи над расходи** | | **4,263** | **2.289** |
| **Данок на добивка** | | | |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | **4,263** | **2.289** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Здружението и потпишани во негово име од:

Претседател

Душко Христов

Здружение ХРАНА ЗА СИТЕ- БХМ Скопје

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**За годината која завршува на 31 декември 2020 во илјади денари**

| | Белешка | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| ***СРЕДСТВА*** | | | |
| ***НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА*** | | | |
| *Недвижности, постројки и опрема* | 11 | 1.026 | 0 |
| ***Вкупно нетековни средства*** | | **1.026** | **0** |
| ***ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*** | | | |
| *Пари и парични еквиваленти* | 12 | 4.504 | 2.402 |
| *Останати побарувања* | 13 | 2 | 2 |
| *АВР* | 14 | 2 | 4 |
| ***Вкупно тековни средства*** | | **4.508** | **2.408** |
| ***Вкупно средства*** | | **5.534** | **2.408** |
| ***ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД*** | | | |
| ***ДЕЛОВЕН ФОНД*** | 15 | | |
| *Деловен фонд* | | 1.026 | 0 |
| *Вишок на приходи над расходи* | | 4.263 | 2.289 |
| ***Вкупно капитал*** | | **5.289** | **2.289** |
| ***ТЕКОВНИ ОБВРСКИ*** | | | |
| *Оберски спрема добавувачи* | 16 | 5 | 0 |
| *Други краткорочни оберски* | 17 | 240 | 119 |
| *ПВР* | 18 | | - |
| ***Вкупно тековни оберски*** | | **245** | **119** |
| ***Вкупно оберски и деловен фонд*** | | **5.534** | **2.408** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Претседател

Душко Христов

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни луѓе ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје
Association for support and assistance to the socially excluded and poor people FOOD FOR ALL - BHM Skopje

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА За годината која завршува на 31 декември 2020 во илјади денари**

| | Деловен фонд | Вишок на приходи над расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2019** | | **-** | |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | - | - |
| Набавени основни средства | | - | |
| Амортизација | | - | |
| Вишок на приходи над расходи | - | 2.289 | 2.289 |
| **Состојба на 31 декември 2019** | | **2.289** | **2.289** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (2.289) | (2.289) |
| Набавени основни средства | 1.076 | - | 1076 |
| Ревалоризација на основни средства | | - | |
| Амортизација | (50) | - | (50) |
| Ревалоризација на амортизација | | - | |
| Вишок на приходи над расходи | - | 4.263 | 4.263 |
| **Состојба на 31 декември 2020** | **1.026** | **4.263** | **5.289** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ за годината која завршува на 31 декември 2020год**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 1. Општи информации

Организацијата Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ-БХМ Скопје, со седиште на ул. РУДИ ЧАЈАВЕЦ Бр.35/3 Скопје-Аеродром,Аеродром) основана е на 11.01.2011год.како останати општествени организации,фондациии здружение на граѓани,согласност соЗаконот за здруженија на граѓании фондации. Даночен број 4032011512260

Дејност-94.99- Дејности на други организации врз база на зачленување неспоменати на друго место

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ-БХМ Скопје(ФБМК) е хуманитарна непрофитна организација посветена на намалување на сиромаштијата и гладта во Република Северна Македонија преку акција за ре-дистрибуирање на вишоци на безбедна храна до социјално загрозените и ранливи категории на граѓани. (ФБМК) од официјалното основање јануари 2011година дејствува како придружна членка на ЕВРОПСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА БАНКА ЗА ХРАНА (ФЕБА).

Целта на БХМК е создавање на синџир од граѓани волонтери,производители, земјоделци каки и представници на прехранбената индустрија, супермаркетите соција помош БХМК и со посредување на официјални државни институции кои креираат социјални политики.Во 2018 година отпочна нов проект В-С-С Ефект за зајакнување на капацитетите и надлежностите подржана од ЕУ.Постои добра сорабока со Баптистичката црква од УСА во Македонија ЦБФ Македонијаи други.

Раководството на Здружението го сочинуваат:

-Душко Христов ,Претседател
-Душко Томашевски , Извршен Секретар
-Кате Т. Наумческа , член на ИО
-Проф.Др. Влатко Андоновски Меѓународен координатор
-Дитурије Речи член на ИО

## 2. Основи за подготовка

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите од Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен весник на РМ бр.24/2003, 17/2011, У.суд 80/2005, 154/2015), Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 42/2003, 8/2009, 12/2009, 175/2011), Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/2005, 11/2006) и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр.117/2005).

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините што завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година. Функционална и известувачка валута на Здружението е македонски денар. Тековните и споредбените податоци прикажани во овие финансиски извештаи се изразени во илјади денари, освен доколку не е поинаку наведено.

## 3. Сметководствени политики

Финансиските извештаи на Здружението се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето. Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

## 3. Сметководствени политики (продолжува)

### 3.1 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.

Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

### 3.2 Материјални и нематеријални средства

Во нематеријални и материјални средства се класифицираат средствата што се држат за остварување на дејноста, и се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација. Набавната вредност вклучува трошоци кои директно се однесуваат на набавката на средствата. Последователно на секој датум на известување, тие се ревалоризираат со примена на официјално објавени коефициенти на ревалоризација врз нивната (ревалоризирана) набавна вредност и (ревалоризирана) исправка на вредноста. Нето ефектот од ревалоризацијата се признава на товар на изворите на деловните средства. Изворите на деловни средства на Здружението се зголемуваат за износот на вредноста на набавени материјални и нематеријалните средства. Материјалните и нематеријалните средства се признаваат како капитален трошок во период на настанување (исплата). Сите други редовни одржувања и поправки се евидентираат како расходи во билансот на успех во текот на финансискиот период во кој се јавуваат.

### 3.3 Амортизација

Амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално со цел да се алоцира нивната набавна вредност до нивната резидуална вредност во текот на проценетиот век на употреба, со примена на следните годишни стапки за амортизација:

Годишни стапки на амортизација кои ги применува Здружението изнесуваат: 15% за транспортни средства, 15%-20% за опрема и 20% за софтвер.

Амортизацијата се признава на товар на изворите на деловните средства.

### 3.4 Признавање на приходи и расходи

Критериумите за признавање на приходи и расходи во Здружението се засновани врз сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции како што следи:

- Приходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале, доколку се мерливи и расположливи. Приходите се мерливи доколку се определени во однос на вредност. Приходите се раположливи кога се генерирани и настанати во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов истите да се однесуваат на пресметковниот период и се користат за покривање на обврските за соодветниот пресметковен период.
- Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој тие настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов поврзаните обврски да се настанати во тој пресметковен период.

## 3. Сметководствени политики (продолжува)

### 3.5 Данок на добивка

(а) Тековен данок на добивка

Тековниот данок на добивка ја преставува пресметаната и исплатена сума согласно Законот за Данок на Добивка во Република Северна Македонија. Данокот на добивка се плаќа во износ од 10% од даночната основа пресметатна во годишната даночна пријава и се намалува за било кои даночни олеснувања. Даночната основа во даночната пријава фо вклучува профитот за годината кој се зголемува за износот на даночно непризнатите расходи, оданочив приход од поврзани страни и незатворени салда од дадени позајмици, согласно регулативите во Законот за данок на добивка, намален за било кои даночни ослободувања.

(б) Одложени даноци

Одложени даноци се признаваат во случај на разлики помеѓу тековните износи на средствата и обврските во финансиските извештаји и нивните тековни износи согласно регулативите. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики за кои е веројатно дека ќе се ослободат оданочливи профити. Во овие финансиски извештаи нема временски даночни разлики.

### 3.6 Странски валути

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари со примена на официјалниот среден курс на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажани во Македонски денари по средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на последниот ден од периодот на известување. Сите добивки и загуби кои произлегуваат од курсните разлики се прикажани во билансот на успех како приходи или расходи од финансирање во периодот на нивното настанување. Средните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите на билансот на состојба деноминирани во странска валута, се следните:

| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
|---|---|---|
| 1УСД | 50.2353 Денари | 54,9518 Денари |
| 1ЕУР | 61,6940 Денари | 61,4856 Денари |
| 1ЦХФ | 56,8242Денари | 56,5593Денари |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ За**
**годината која завршува на 31 декември 2020год**
**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 4. ПРИХОДИ ОД ЧЛАНАРИНИ И ДОНАЦИИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 12.912 | 7.226 |
| **Вкупно** | **12.912** | **7.225** |

**Во текот на 2020 година остварени се приходи од следните донатори:**

| | |
|---|---|
| Европска Комисија и Делегација на ЕУ | 4.299 |
| Европска федерација банка за храна(FEBA) | 1.255 |
| Мисија на Баптистичка Црква од САД во РСМ (ЦЕФМ) | 906 |
| ЕНВИРУМ ДООЕЛ Скопје | 1.463 |
| ВИТАМИНКА Прилеп | 1.433 |
| ТИНЕКС МТ Скопје | 254 |
| ПИНК АКРОС Скопје | 123 |
| ХРАНА ЗА СИТЕ БХМ | 920 |
| ПРОЕК МЦМС ЦМ - ИНС -05 | 982 |
| РОТАРИ КЛУБ | 10 |
| АЦТ ДОО | 30 |
| МОНДО СПОРТ ДОО | 15 |
| ПОРТА ИНЖЕНЕРИНГ ГРУП ДООЕЛ | 50 |
| АС МАСИНИ ДООЕЛ | 3 |
| ЏЕФФРЕУ ЦУРТИС ЛЕЕ | 100 |
| АЛИАНС УАН МАКЕДОНИЈА | 90 |
| КАВАДАРЦИ –ОРГАН ОПШТИНА | 12 |
| МАКПРОГРЕС ВИНИЦА | 41 |
| КОЖУВЧАНКА ДОО | 13 |
| ДОНАТОРИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 912 |
| **Вкупно** | **12.912** |

## 5. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Приходи по основ курсни разлики | 5 | 0 |
| **Вкупно** | **5** | **0** |

## 6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Приходи од услуги | | - |
| Останати приходи | | - |
| **Вкупно** | **0** | **0-** |

## 7. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ И УСЛУГИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Потрошени канцелариски материјали, ситен инвентар | 570 | 48 |
| Потрошена енергија, вода, телефон, гориво | 26 | |
| Инвестиционо одржување на средствата | | |
| Останати услуги | 412 | 249 |
| Транспортни услуги | 10 | 65 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 12 | 203 |
| Наемнини | 155 | 155 |
| Останати материјални трошоци | 10 | 0 |
| --- | | |
| **Вкупно материјални расходи и услуги** | 1.195 | 720 |

## 8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Премии за осигурување | | |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | | |
| Надоместоци на трошоци на работниците и граѓани | 184 | |
| Негативни курсни разлики | 17 | 7 |
| Членарини | | |
| Интелектуални и други услуги | | |
| Останати други расходи | 1.553 | 843 |
| Пренесени средства | 5.506 | 5.892 |
| Други даноци и придонеси од приходи | | |
| **Вкупно** | **5.506** | **6.756** |

## 9. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Средства за опрема и земјиште | 1.032 | - |
| **Вкупно** | **1.032** | 0 |

## 10. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 1.428 | 1.428 |
| **Вкупно** | **1.428** | **1.429** |

## 11. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Недвижности постројки и опрема | Вкупно |
|---|---|---|
| **НАБАВНА ВРЕДНОСТ** | | |
| **Состојба на 01.01.2020** | | |
| Набавки | | |
| **Состојба на 31.12.2020** | **0** | **0** |
| Набавки | 1.076 | 1.076 |
| Ревалоризација | | |
| **Состојба на 31.12.2020** | **1.076** | **1.076** |
| **ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТ** | | |
| **Состојба на 01.01.2019** | | |
| Амортизација за 2019 | | |
| **Состојба на 31.12.2019** | **0** | **0** |
| Амортизација за 2020 | (50) | (50) |
| Ревалоризација на амортизација | | |
| **Состојба на 31.12.2020** | **1.026** | **1.026** |
| ***Сметководствена вредност*** | | |
| **Состојба на 31.12.2019** | **0** | **0** |
| **Состојба на 31.12.2020** | **1.026** | **1.026** |

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 2.944 | 498 |
| Благајна | | |
| Девизни сметки | 1.560 | 1.904 |
| **Вкупно** | **4.504** | **2.402** |

## 13. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Побарувања од работниците | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **0** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ За**
**годината која завршува на 31 декември 2020год**

**Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено**

## 14. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| АВР | 2 | 3 |
| **Вкупно** | **2** | **3** |

## 15. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 1.026 | |
| Вишок на приходи над расходи | 4.263 | 2.289 |
| **Вкупно** | **5.289** | **2.289** |

Промените на Деловниот фонд се презентирани во Извештајот за промена на извори на средства на страна 5.

## 16. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 5 | - |
| **Вкупно** | **5** | **0** |

## 17. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Обврски за даноци, придонеси по договор за дело | 240 | 119- |
| **Вкупно** | **240** | **119** |

## 18. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Пресметано, а одложено плаќање на трошоците | | - |
| Други пасивни –делод приходи пренесени во наредна година | 4.263 | 2.289 |
| **Вкупно** | 4.263 | 2.289 |

## 19. ВОНБИЛАНСНА ИЗЛОЖЕНОСТ

Заклучно со 31 Декември 2020 година Здружението нема вонбилансна изложеност.

## 20. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

По 31 декември 2020 година – датумот на известувањето, до денот на одобрувањето на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.